РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 05-06-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 11 | 3015 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како: <u>контролен</u>**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово

**3. Датум на извршување на надзорот:** 05.06.2019 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот постапил по Решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси во рокот определен во истото, односно дали програмските сервиси што ги реемитува се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 141 од ЗАВМУ.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси (Уп.1 бр.03-289 од 22.05.2019 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот да го усогласи своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр. бр.11-2797/1 од 17.05.2019 година.

Решението е уредно примено на 25.05.2019 година.

**6. Констатација од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово беше констатирано дека овој оператор на територија на општина Берово и

општина Пехчево во својот програмски пакет ги реемитува програмските сервиси RTS Svet и RTS 2, коишто не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**8. Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**